Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

На 28.12.2016 година Националниот превентивен механизам (НПМ), во соработка со надворешен соработник од Македонското здружение на млади правници (МЗМП), спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за граничен надзор „Франгово“.

Посетата произлегува од мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, предвиден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување. Со Факултативниот протокол се дефинира спроведување на редовни посети на местата каде што може да се врши лишување на лица од слобода, со цел идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

НПМ наиде на одлична соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во Полициската станица, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

Оваа полициска станица врши граничен надзор на подрачје кое опфаќа 30 $км^2$.

Согласно Решението за определување на полициски станици за задржување на лица, оваа полициска станица не е определена како полициска станица во која може да се врши задржување, поради што и не располага со посебни простории за задржување на лица.

При извршениот увид во службените канцеларии и останатите простории, како и во дел од возилата со кои располага Полициската станица, тимот на Националниот превентивен механизам не забележа средства, ниту останати сомнителни предмети со кои би можело да се врши заплашување врз приведените, односно лицата лишени од слобода.

Националниот превентивен механизам при разговорот со службените лица во оваа Полициска станица, беше запознаен дека лицата секогаш и веднаш се запознаваат со причините за нивното лишување од слобода и со нивните права.

Со оглед дека најголемиот број на приведени и лица лишени од слобода се албански државјани, Националниот превентивен механизам беше информиран дека комуникацијата со овие лица се врши на албански јазик, поради што и во секоја смена во Полициската станица има службено лице од албанска националност, односно лице коешто говори албански.

За посетата Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на полициската станица со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.